# Советот за безбедност на ОН и „Новите војни“

**Љупчо Стојковски**[1]

**АПСТРАКТ:** Иако се поминати 70 години од крајот на Втората Светска војна и создавањето на Обединетите Нации, прашањата за војната и нејзиниот карактер и особини се сé уште актуелни. Од завршувањето на Студената војна па до денес, многу автори укажуваат на постоење на поинаква логика кај денешните војни, кои истите автори ги означуваат како „нови војни“. Овој труд го разгледува концептот на „новите војни“, но и тоа дали ОН и пред сé Советот за Безбедност кои биле формирани да спречат нова меѓудржавна војна, можат да се справат со овие феномени на 21-от век. Заклучува дека логиката на новите војни е посоодветна и посеопфатна за објаснување на модерните конфликти – како што се на пример војните на Балканот и во Африка од 90-тите години на минатиот век (а и ден денес), како и глобалната војна против тероризмот и ИСИС (Исламска Држава на Ирак и Сирија) како и дека Советот за безбедност има прилично флексибилна правна рамка која и ден денес му овозможува да одговори на актуелните безбедносни закани. Сепак, сé уште треба да се работи на инкорпирање на новата безбедносна когнитивна матрица, но и да се адресираат „старите“ проблеми кои со години го кочат Советот.

**Клучни зборови**: нови војни, војна, Совет за безбедност на ОН.

**ABSTRACT:** Although more than 70 years have passed since the end of the Second World War and the creation of the United Nations, the questions of war and its character as well as features remain disputable. Since the end of the Cold War until this day, many scholars point out on a different logic that dominates contemporary wars which they dub as “new wars”. This paper examines the concept of “new wars” as well as the question of the relevance and readiness of UN Security Council – as an organization created in the 20$^{th}$ century – to deal with issues of the 21$^{st}$ century. The paper concludes that the “logic” of the “new wars” is a comprehensive one and much more suitable to explain modern conflicts – such as wars of the 1990’s in the Balkans or in Africa (including today’s wars) as well as global war on terror

[1] м-р Љупчо Стојковски е докторант по меѓународно право и меѓународни односи на Правниот Факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот Св.Кирил и Методиј.

and ISIS. It also finds that the Security Council has been equipped with a pretty flexible legal framework capable to deal even with today's security threats. However, there is still a lot work to be done to incorporate this new cognitive security mattress and to address the "old" issues that has been plaguing the Council for years.

**Keywords**: new wars, wars, UN Security Council.

## Вовед

Во 1945 година, 50 држави ја создале Организацијата на Обединетите Нации, како организација обединета околу идејата да „се спасат идните генерации од ужасите на војната“[2]. Иако голема војна од типот на Првата и Втората Светска не се случиле, 70 години подоцна, војната е сѐ уште присутна и високо на агендата на светските проблеми. Но, квантитативните и квалитативните анализи покажуваат дека војната доживеала значителна трансформација во изминатите 70 години.

Емпириските податоци покажуваат неколку работи. Прво, за време на Студената војна, а особено и по нејзиното завршување, значително се намалува бројот на меѓудржавни војни за сметка на внатрешните вооружени конфликти. Истражувањето на Петерсон и Валенстен на пример, покажува дека во 2014 имало само еден меѓудржавен конфликт (помеѓу Индија и Пакистан) кој довел до помалку од 50 жртви.[3] Останатите 39 конфликти во 2014-та биле внатрешни, а 13 од нив станале интернационализирани, односно една или повеќе држави се вклучиле во одреден конфликт со свои трупи кон некоја од страните во тој конфликт. Оваа промена се должи на повеќе фактори. Супериорниот развој на технологијата, олицетворен во сѐ пософистицирани и посмртоносни оружја како што се биолошкото, хемиското и секако нуклеарното, значително придонел кон одвраќање (deterrence) на Истокот и Западот од посериозна конфронтација. Порастот на бројот на демократии во светот (теоријата на Кант и Дојл за либерален мир), деколонизацијата, зголемената економска

---

[2] Повелба на ОН, преамбула.

[3] Therése Pettersson and Peter Wallensteen, *Armed Conflicts, 1946-2014*, Journal of Peace Research 2015, vol.52 (4), 536-550, стр. 537. За сумарен приказ на трендовите на различните типови на конлфикит од 1946-2012 види ја слика 1 на стр.539. Пошироко за разни класификации, графички и табеларни прикази на конфликтите низ историјата види го Департманентот за Мир и истражување на конфликти на Упсала Универзитетот, достапен на <http://www.pcr.uu.se/research/ucdp/charts_and_graphs/>

меѓузависност, развојот на ОН и креирањето на други институционални аранжмани за справување со војната, развојот на меѓународното право и паралелно со него и на свест за негово почитување и за штетноста на војната, како и многу други фактори имале удел во намалувањето на меѓудржавните конфликти.[4]

Многу поинтересна е втора голема промена која може да се забележи кај војните, а која се јавува особено после падот на Берлинскиот ѕид. Крајот на Студената војна и „губењето на постоечкиот модел на функционирање"[5], последиците од колонизацијата, но и лошо спроведената и неасистирана деколонизација, и секако лошата страна на глобализацијата – изразена пред сé во транснационален криминал и закани, но и зголем трибинализам – се главни причини за ваквата трансформација. Имено, денес, не само што војната е пред сé внатрешна, туку и нејзините карактеристики не се исти како оние во минатото. Туку секако најзабележлив е огоромниот број на цивилни жртви кои доминираат денес, и тоа не само како колатерална штета на војувањето туку како директна цел во војната. Тоа што започнало како тренд по втората светска војна, во 90-тите станало уште повидливо – најголем број од жртвите во денешните конфликти, дури 90%, се цивилно население[6] и тоа не како колатерална штета, туку како директна цел на војната. Запрепастувачки се проценките дека во 20-от век „отприлика 40 милиони луѓе биле убиени во војни помеѓу држави, а дури 4 пати повеќе, односно околу 170 милиони биле убиени од своите влади"[7]. Значително е зголемен и бројот на бегалците и на внатрешно раселените лица.

Многу од овие војни се со етнички односно идентитетски префикс. Во нив земаат учество бројни недржавни субјекти, се финансираат од различни извори, а најчесто употребуваат асиметрични стратегии на војување. Овие војни, често го добиваат називот – нови војни.

Логиката на „новите војни", најдобро ги објаснува најголем дел од феномените поврзани со денешните војни – било да станува збор за геноциди, етнички чистења или злосторства против човештвото, но и Ал-Каеда, ИДИС (Исламска Држава на Ирак и

---

4 The Editors, *Introduction*, во Vaughn Lowe, Adam Roberts, Jennifer Welsh, Dominik Zaum, *The United Nations Security Council and War: The Evolution of Thought and Practice since 1945,* New York, Oxford University Press, 2008. стр 44-49.

5 Caroline Kennedy, Thomas Waldman, "*The Changing Nature of Intrastate Conflict and "New Wars*", кај Edward Newman, Karl DeRouen Jr., *Routledge Handbook of Civil Wars,* Routledge Handbooks, 2014, стр 215.

6 Thomas G. Weiss, *Humanitarian Intervention: Ideas in Action*, New York, Polity Press, 2007, стр 69-70.

7 Alex J. Bellamy, Paul D. Williams, *The UN Security Council and the Question of Humanitarian Intervention in Darfur*, во Journal of Military Ethics, vol. 5, no. 2, 2006, стр 144.

Сирија) и глобалната војна против тероризмот. Но, се поставува прашањето дали и како ОН и пред сé Советот за Безбедност кои биле формирани да спречат нова меѓудржавна војна, можат да се справат со овие феномени на 21-от век?

## Поимно определување

Пред да го дадеме одговорот дали универзалните институционални аранжмани за оддржување на мирот можат да се справат со новите војни, треба да ги дефинираме новите војни. За почеток, треба да се истакне што *не* се подразбира под нови војни. Голем број на автори се критични кон оваа етимологија. Нивните главни критики се: дека нема ништо „ново“ во новите војни; дека така дефинирани, „новите војни“ не се војни; сомнеж во статистиката како потврда за тезата за нови војни; негираат дека новите војни може да се опишат како пост-Клаузевиц.[8] Дополнително, критичарите тврдат дека таканаречените „нови војни“ се резултат на микс од контекстуални фактори (а не на нешто оригинерно),[9] дека иако има „промена на карактерот на војната, природата на истата останува непроменета“[10] и дека државата сé уште ја има главната улога во војните денес.[11]

Но, идејата со концепт на „нови војни“ не е да покаже дека нешто сосема ново, нешто што не било забележано никогаш досега, а се случило по крајот на Студената војна. „[Т]ерминот „нови“, употребен за опишување на војните кои се случуваа во 90-тите на Балканот и во Африка, не упатува на тоа дека нема за нив нема никакви историски паралели или претходници туку упатува на поинаква „логика“ од војните на кои научниците и креирачите на политика најчесто се концетрираат.“[12] „Новото“, треба да се разбере повеќе како „истражувачка стратегија и водич за креирање политика“,[13] како „аналитичка категорија наместо како сеопфатна теорија создадена да го објасни

---

[8] Mary Kaldor, “*In Defence of New Wars*”, Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр. 2.

[9] Bart Schuurman, “*Clauzewitz and the “New Wars” Scholars*”, Parameters, 40:1, Spring 2010, стр 3,4.

[10] Caroline Kennedy, Thomas Waldman, “*The Changing Nature of Intrastate Conflict and “New Wars*”, кај Edward Newman, Karl DeRouen Jr., *Routledge Handbook of Civil Wars,* Routledge Handbooks, 2014, стр 222.

[11] Предавања на професор Hew Strachan насловено “*The Changing Character of War*” оддржано на Универзитетот Оксфорд на 28 Август 2012 година. Достапно на <http://www.gla.ac.uk/postgraduate/taught/globalsecurity/index.html?refer=guyoutube>

[12] Dodeye Uduak Williams, “*Relevance of Mary Kaldor's 'new wars' thesis in 21st century*”, Journal of Law and Conflict Resolution vol. 6(5), September 2014, стр. 1.

[13] Mary Kaldor, “*In Defence of New Wars*”, Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр. 1.

секој можен конфликт во современиот свет.“[14] Ова секако значи дека денес сé уште постојат и „стари војни“.

„Логиката“ на „новите војни“ се разлика од онаа на „старите“ во неколку елементи: *субјектите, целите, методите на војување и финансирањето*.[15]

1) *Субјекти:* Типично, за „старите“, пред сé меѓудржавни, војни е дека се одвиваат помеѓу регуларни армии. Но, кај новите војни државите го немаат повеќе монополот на употреба на сила. Во модерните војни, покрај регуларните вооружени сили на државите, учествуваат и „различни автономни паравоени групи, милиции, бандити, воени лордови, бунтовници, приватни воени компании и странски платеници.“[16] Тоа значи дека освен строго дисциплинираните и добро вооружени војски, кои имаат јасни воени цели како и кохерентна стратегија и тактика, во игра се и актери кои често немаат строга воена хиерархија и користат лесно наоружување (на пр. мачети).[17] Освен ова еродирање на државниот монопол од „долу“, еродирање се случува и од „горе“ во смисла дека во денешните војни учество често завземаат и многу меѓународни огранизации во најразлични форми (на пр. мировни мисии на ОН).[18] Заради сето ова, за „новите војни“ се вели дека одновно довеле до „приватизирање на војната“.[19]
2) *Цели:* Кај „старите војни“ – дефинирани со речникот на Клаузевиц како „акт на насилство кое има за цел да го натера нашиот противник да се потчини на нашата волја“[20] – целите се јасни. Тие се претежно геополитички – победување на непријателот и освојување на неговата територија – или идеолошки (на пр. демократија или социјализам).[21] Од друга страна пак, „новите војни“ се пред сé идентитетски. Тие се водат во име на некоја религија, етникум или култура. „Целта е да се контролира популацијата

[14] Artur Malantowicz, “*Civil War in Syria and the ‘New Wars’* Debate, Amsterdam Law Forum, vol 5:3, summer 2013, стр. 3.
[15] Mary Kaldor, “*In Defence of New Wars*”, Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр. 2,3. Поширно за ова види кај Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era*, Stanford University Press, 2012. Слично и Патрик Мело и Херфрид Мунклер.
[16] Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era*, Stanford University Press, 2012, стр 96-102; Artur Malantowicz, “Civil War in Syria and the ‘New Wars’ Debate, Amsterdam Law Forum, vol 5:3, summer 2013, стр. 2.
[17] Ibid.
[18] Mary Kaldor, “*In Defence of New Wars*”, Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр. 4.
[19] Herfried Munkler, “*The wars of the 21st century*”, ICRC vol. 85 No.849, March 2003, стр. 9.
[20] Карл фон Клаузевиз, *За војната,* Скопје, Магор, 2009 година.стр.13.
[21] Mary Kaldor, “*In Defence of New Wars*”, Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр. 2.

преку збришување на сите со поинаков идентитет (а и поинакво мислење) и преку инсталирање терор.“[22] „Она што е уште побитно е дека идентитетската политика се конструира низ војната. Оттука, политичката мобилизација околу идентитетот е целта на војната, а не нејзин инструмент, како што тоа беше случај кај „старите војни“.[23] Затоа, кај многугодишни идентитески конфликти е многу тешко да се определи дали идентитетот е причина за или последица од самата војна.

3) *Методи:* Карактеристично за „старите војни“ е тоа што употребата на сила била симетрична и точно наменета: цели на нападите биле противничките армии, а битките се одвивале на бојното поле. Но, кај новите војни, „насилството е директно насочено кон цивилите како начин на контролирање на територија“.[24] Се применуваат мерки како присилно расселување на лица или пак масовно и систематско силување. Ваквата карактеристика новите војни во комбинација со променетите цели Мункер ги опишува како „демилитаризација на војната“.[25] Освен ова, „новите војни“ изобилуваат со асиметрични стратегии и тактики, како што се герила војување и тероризам. Вакви методи на војување пенетрираат во сите пори на општествениот живот, а често се и транснационални.[26]

4) *Форми на финансирање:* Основен начин на финансирање кај „старите војни“ – каде што главни субјекти на војните беа регуларните армии – се средствата на домашните даночни обврзници. Кај „новите војни“, каде што има огромна палета на недржавни учесници, начините на финансирање се менуваат. Кражби, присилно „оданочување“, трговија со оружје, луѓе и дрога, нафта, дијаманти, помош од дијаспора и сл. се главни начини на извор на приходи на новите војни.[27] Ова покажува дека за разлика од порано, денешните војни се прилично децентрализирани и „зависни од надворешни

---

[22] Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era*, Stanford University Press, 2012, стр.9

[23] Mary Kaldor, “*In Defence of New Wars*”, Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр. 2.

[24] Ibid., стр 4,5; Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era*, Stanford University Press, 2012, стр.104,105.

[25] Herfried Munkler, “*The wars of the 21$^{st}$ century*”, ICRC vol. 85 No.849, March 2003, стр. 12.

[26] Ibid.

[27] Mary Kaldor, “*In Defence of New Wars*”, Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр. 3.

> извори [во поглед на финансирањето], и истото повеќе не зависи од геополитика, туку од идеологија и/или етнички или религиозен идентитет“.[28]

Од сите овие елементи очигледно е дека војната има доживеано трансформација од настанокот на ОН па до денес, а особено во последните 25 години. Најверојатно би било поточно ако „новите војни“ ги опишеме како „микс од војна (организирано насилство за политички цели), криминал (организирано насилство за приватни цели) и повреди на човековите права (насилство кон цивили).“[29] По својата природа, тие се најчесто „долги војни на издржливост“.[30] Имаат „тенденција да се шират и да опстојуваат или одново да се појават бидејќи секоја страна [во овие војни] има политичка или економска добивка од самото насилство, а не од „победата“ [во војната].“[31] Затоа, „новите војни“ Калдор ги дефинира како „заеднички потфат“ (mutual enterprise), а не како „натпревар на волји“ помеѓу учесниците. „Заеднички потфат“ алудира на тоа дека двете страни си се потребни една на друга за да продолжи проектот наречен војна, па затоа новите војни се долги и бескрајни. Нивната тенденција не е „војна без граници, туку војна без крај“.[32]

## Совет за безбедност

Проблемот на карактерот и особините на денешните војни се прашања кои и тоа како го засегаат Советот за Безбедност на ОН, како орган кој има примарна одговорност за оддржување на меѓународниот мир. „Новите војни“ ја отвораат дилемата дали начинот на кој е креиран и според кој работи Советот за Безбедност е соодветен за да одговори на денешните модерни закани. Дали Советот е „сé уште институција од 20-тиот век која се обидува да реши проблеми од 21-от век“[33] или пак е соодветно опремен да одговори на било каков безбедносен предизвик?

Ако го читаме текстот на Повелбата на ОН, веднаш ќе стане јасно дека основачите имале на ум да создат организација кој ќе спречи настанување на

---

[28] Artur Malantowicz, “*Civil War in Syria and the ‘New Wars*’ Debate, Amsterdam Law Forum, vol 5:3, summer 2013, стр. 2.
[29] Mary Kaldor, “*In Defence of New Wars*”, Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр. 6.
[30] Herfried Munkler, “*The wars of the 21$^{st}$ century*”, ICRC vol. 85 No.849, March 2003, стр. 3.
[31] Mary Kaldor, “*In Defence of New Wars*”, Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр. 3.
[32] Ibid. стр 13.
[33] Simon Adams, *The Responsibility to Protect at 10*, E-International Relations, < http://www.e-ir.info/2015/03/29/r2p-at-10/ >

меѓудржавни војни. Во првиот параграф од Преамбулата се говори за „спасување на идните генерации од ужасите на војната кои *два пати во нашиот живот век* донеле невидено страдање за човештвото“[34]. Во „Целите и Принципите“ на организацијата се зборува за одржување на меѓународниот мир, за забрана на закана и употреба на сила против територијалниот интегритет и политичката независност *на државите* (член 2 став 4), како и забрана на ОН да се мешаат во внатрешните работи на државите (член 2 став 7).[35] Од забраната за употреба на сила се дозволени само два исклучока – инхерентото право на индивидуална или колективна самоодбрана на државите, кое државите го уживаат во случај кога се нападнати па сé додека Советот за безбедност не ги преземе неопходните мерки за одржување на меѓународниот мир и безбедност (член 51), и кога ќе се активира системот на колективна безбедност.

Системот на колективна безбедност, пак, нуди прилично флексибилна рамка за функционирање на Советот. Имено, тој подразбира дека примарната (но не и ексклузивна) надлежност во одржувањето на меѓународниот мир и безбедност му се делегира на Советот за безбедност (член 24), кој, согласно овластувањата кои му се доделени во Глава 7, ќе одлучува дали некоја ситуација претставува закана по мирот, повреда на мирот или акт на агресија (член 39). Доколку Советот оцени дека некоја ситуација може да се подведе под некоја од овие квалификации, може да наметне мерки без употреба на сила над државата која е виновна за таквата ситуација (член 41), а доколку процени дека истите би биле (или веќе се покажале) неефикасни, тогаш може да се одлучи и за мерки кои подразбираат употреба на сила (член 42). Сите држави се согласни да ги прифатат и спроведуваат одлуките на Советот за безбедност (член 25), а со цел да допринесат во одржувањето на меѓународниот мир и безбедност се обврзуваат да било кој начин можат да му помогнат на Советот (на пример преку ставање на располагање на своите воени контингенти или преку дозволување премин низ нејзина територија) во остварувањето на својата надлежност (член 43,45,48,49) и да се воздржат од помагање на државата против која се преземени мерките (член 2 ст 5).

Практицирањето на колективната безбедност од страна на Советот, како првенствено политички орган, сепак била одраз на актуелната општествено-политичка клима во меѓународните односи. За време на Студената војна, период на остра блоковска поделеност, Советот за Безбедност прилично ретко заседавал, а и тогаш кога

[34] Повелба на ОН, италик додаден.
[35] Ibid.

заседавал повеќе бил фокусиран на меѓудржавните војни отколку на внатрешните конфликти.

Меѓутоа, крајот на Студената војна означил нов почеток и поинаков правно-политички и социјален амбиент. Тоа било видливо најпрвин преку зголемената соработка на петте постојани членки во Советот за безбедност. Па така, од донесени вкупно 2.195 резолуции за периодот 1946-2014 година, 646 се донесени до 1989 година, а од 1990-та година се усвоени дури 1.549 резолуции. Што се однесува до Резолуции според Глава 7 од Повелбата, од вкупно 685 резолуции кои се повикуваат на Глава 7, само 21 се усвоени во текот на првите 43 години, додека пак после Студената војна се усвоени дури 664.[36] Освен тоа,

> ...од девет активни мировни мисии во 1989 година со вкупно 11.000 трупи, бројот се зголеми на 14 активни мисии кои распоредуваат 111.826 лица од кои 92.936 војници, на крајот на 31 Декември 2012 година, не вклучувајќи ги тука останатите битни и поскорешни теренски присуства како што се политички мисии и канцеларии за градење мир. Или да го кажеме истово со други зборови, за разлика од 18-те мировни мисии кои биле авторизирани по основањето на ОН па до 1989 година, од 1990 година биле воспоставени 49 такви мисии.“[37]

Она што веднаш се забележува овде е дека зголемената активност на Совет за Безбедност по Студената војна подразбира справување и со внатрешните вооружени конфликти кои доминирале на светската безбедносна агенда. Советот прилично широко и креативно ги користел своите надлежности во оваа сфера и во таа насока презел доста мерки кои експлицитно не било предвидени ниту пак индиректно помислени при создавањето на ОН. Една од таквите мерки се секако мисиите за чување на мирот, кои, заради тоа што претставуваат мешавина од ненасилните мерки

---

[36] Peter Wallensteen and Patrcik Johansson, *The UN Security Council: Decisions and Actions* кај Sebastian von Einsiedel, David M. Malone and Bruno Stagno Ugarte (eds.), *The UN Security Council in the Twenty-First Century*, Lynne Rienner Publishers, 2016, стр 28,29.
[37] Rosa Brooks, *Civilians and Armed Conflict* кај Jared Genser, Bruno Stagno Ugarte, *The United Nations Security Council in the Age of Human Rights,* New York, Cambridge University Press, 2014, стр. 39, 40.

предвидени во Глава 6 и насилните мерки од Глава 7, многу автори ги сместуваат во т.н. „Глава 6 и пол“ од Повелбата.[38]

Со текот на годините, станало јасно дека оддржувањето на *меѓународниот* мир денес е во нераскинлива врска со почитувањето на човековите права. Сé повеќе се предвидувале мерки за заштита на цивилите како директна жртва на модерните конфликти. Во таа насока, голем фокус денес е ставен на превенција на конфлктите и рано предупредување, почнале да се употребуваат дипломатски притисоци и мониторинг за состојбата со човековите права во некои држави и конфликти, биле преземени таргетирани санкции, а и неколку хуманитарни интернвенции.[39] Освен ова, Советот, а и ОН во целина, почнале да развиваат и да се повикуваат на концепти како човекова (наспроти државна) безбедност и одговорност да се заштити (R2P), но и да усвојуваат т.н. тематски резолуции. За новите војни, значајно е усвојувањето на Резолуцијата 1265 во 1999 година, насловена „Заштита на цивилите во вооружен конфликт“.[40] Оваа Резолуција, „го означува првиот експлицитен обид на Советот да развие „теорија“ за цивилна заштита. Во Резолуцијата 1265, Советот јасно ставил дознаење дека цивилите повеќе нема да бидат сметани како случајни, и секако жални, последици од вооружените конфликти, туку како проблем кој произлегува од промената природа на вооружениот конфликт со импликации за променливата природа на заканите по меѓународниот мир и безбедност.“[41] Од 1999 година па до денес, Советот има усвоено стотици вакви резолуции. [42]

## Заклучок

Од сето погоре можеме да заклучиме дека иако креаторите на ОН го имале предвид одржувањето на меѓудржавниот мир, тие создале прилично флексибилна правна рамка која и ден денес му овозможува на Советот да одговори на актуелните

[38] The Editors, *Introduction*, во Vaughn Lowe, Adam Roberts, Jennifer Welsh, Dominik Zaum, *The United Nations Security Council and War: The Evolution of Thought and Practice since 1945,* New York, Oxford University Press, 2008, стр 7.
[39] Rosa Brooks, *Civilians and Armed Conflict* кај Jared Genser, Bruno Stagno Ugarte, *The United Nations Security Council in the Age of Human Rights,* New York, Cambridge University Press, 2014, стр. 65, 66.
[40] UN SC/Res/1265, 1999 година.
[41] Rosa Brooks, *Civilians and Armed Conflict* кај Jared Genser, Bruno Stagno Ugarte, *The United Nations Security Council in the Age of Human Rights,* New York, Cambridge University Press, 2014, стр. 54.
[42] Ibid. стр 56.

безбедносни закани.[43] Актуелните безбедносни закани пак – како што се војните на Балканот и во Африка од 90-тите години на минатиот век (а и денес), како и глобалната војна против тероризмот и ИДИС – посоодветно се објаснуваат со концептот на „новите војни“. Оваа нова парадигма подразбира фокусирање на „мултидимензионалниот концепт на сеопфатна безбедност со своите општествени, економски, политички и хуманитарни елементи“.[44] Секако, ова не значи дека „старите војни“ – водени пред сѐ од државните армии за геополитички цели – повеќе не постојат. Добар пример да нѐ увери во тоа е неодамнешната Руска инвазија и анексија на Украинскиот полуостров Крим. Но, нивниот место сѐ повеќе го завземаат „новите војни“. Тоа подразбира дека, иако има некаков прогрес во анализата и сфаќањето, потребна е промена на начинот на перцепирање и справување со конфликтите денес. Она што денес е потребно е соодветен „космополитски политички одговор“, одговор кој ќе ги инкорпорира војување, полициски акции, градење и обнова на институциите, владеење на правото и правосудни механизми.[45] Преведено на теренот на Советот за Безбедност, ова би значело примена на „комплексни елементи на принуда и согласност, со правна авторизација од Советот за Безбедност и активен дијалог за тоа како една држава може да ја оствари својата одговорност да заштити и како меѓународната заедница може да им помогне, но и да ги принуди на истото.“[46] Освен оваа нова матрица која треба да ја усвои Советот со своето работење, тој и натаму останува обременет со „старите“ проблеми како што се – недостиг и несподелување помеѓу членовите на разузнавачки информации за актуелните конфликти, неактивност или инертност по одредено безбедносно прашање, (зло)употребата на ветото и секако недостигот на политичка волја за некаков одговор. Сите овие се прашање на кои Советот за безбедност треба да се посвети во иднина.

---

[43] Edward Luck, *A Council for All Seasons: The Creation of the Council and its Relevance Today*, кај Vaughn Lowe, Adam Roberts, Jennifer Welsh, Dominik Zaum, *The United Nations Security Council and War: The Evolution of Thought and Practice since 1945,* New York, Oxford University Press, 2008. стр 62, 70-71, 81.
[44] Artur Malantowicz, "*Civil War in Syria and the 'New Wars*' Debate, Amsterdam Law Forum, vol 5:3, summer 2013, стр. 9.
[45] Mary Kaldor, "*In Defence of New Wars*", Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр. 14.
[46] Simon Adams, *The Responsibility to Protect at 10*, E-International Relations, < http://www.e-ir.info/2015/03/29/r2p-at-10/ >

**Користена литература:**


1. Rosa Brooks, *Civilians and Armed Conflict* кај Jared Genser, Bruno Stagno Ugarte, *The United Nations Security Council in the Age of Human Rights,* New York, Cambridge University Press, 2014
2. Therése Pettersson and Peter Wallensteen, *Armed Conflicts, 1946-2014*, Journal of Peace Research 2015, vol.52 (4), 536-550;
3. Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era*, Stanford University Press, 2012;
4. The Editors, *Introduction*, во Vaughn Lowe, Adam Roberts, Jennifer Welsh, Dominik Zaum, *The United Nations Security Council and War: The Evolution of Thought and Practice since 1945,* New York, Oxford University Press, 2008, стр 1-61;
5. Edward Luck, *A Council for All Seasons: The Creation of the Council and its Relevance Today*, кај Vaughn Lowe, Adam Roberts, Jennifer Welsh, Dominik Zaum, *The United Nations Security Council and War: The Evolution of Thought and Practice since 1945,* New York, Oxford University Press, 2008, стр, 61-86.
6. Peter Wallensteen and Patrcik Johansson, *The UN Security Council: Decisions and Actions* кај Sebastian von Einsiedel, David M. Malone and Bruno Stagno Ugarte (eds.), *The UN Security Council in the Twenty-First Century*, Lynne Rienner Publishers, 2016, стр. 27-56;
7. Simon Adams, *The Responsibility to Protect at 10*, E-International Relations, < http://www.e-ir.info/2015/03/29/r2p-at-10/ >
8. Mary Kaldor, "*In Defence of New Wars*", Stability Journal, vol 2(1), 2013, стр 1-16;
9. Dodeye Uduak Williams, "*Relevance of Mary Kaldor's 'new wars' thesis in 21st century"*, Journal of Law and Conflict Resolution vol. 6(5), September 2014, стр. 84-88;
10. Artur Malantowicz, "*Civil War in Syria and the 'New Wars' Debate*, Amsterdam Law Forum, vol 5:3, summer 2013, стр 52-60;

11. Herfried Munkler, *“The wars of the 21$^{st}$ century”*, ICRC vol. 85 No.849, March 2003, стр. 7-22;
12. Bart Schuurman, “*Clauzewitz and the “New Wars” Scholars*”, Parameters, 40:1, Spring 2010, стр 89-100;
13. Caroline Kennedy, Thomas Waldman, “*The Changing Nature of Intrastate Conflict and “New Wars”*, кај Edward Newman, Karl DeRouen Jr., *Routledge Handbook of Civil Wars,* Routledge Handbooks, 2014.
14. Thomas G. Weiss, *Humanitarian Intervention: Ideas in Action*, New York, Polity Press, 2007.
15. Alex J. Bellamy, Paul D. Williams, *The UN Security Council and the Question of Humanitarian Intervention in Darfur*, Journal of Military Ethics, vol. 5, no. 2, 2006.
16. UN SC/Res/1265, 1999 година.
17. Hew Strachan, “*The Changing Character of War*” предавање оддржано на Универзитетот Оксфорд на 28 Август 2012 година. Достапно на <http://www.gla.ac.uk/postgraduate/taught/globalsecurity/index.html?refer=guyoutube>
18. Карл фон Клаузевиз, *За војната,* Скопје, Магор, 2009 година.
19. Повелба на ОН